**ДДДММ СТОМАТОЛОШКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МАКЕДОНИЈА**
**MSDM MACEDONIAN SOCIETY OF DENTAL MEDICINE**
Илинденска 5а 1300 Куманово Ilindenska 5a 1300 Kumanovo
тел. +389(0)31 423-537, 070 211-864
www.stomatoloskozdruzenie.com
E-mail: stomatoloskozdruzenie@yahoo.com

До

-ТВ 24 Вести

-ТЕЛЕВИЗИЈА ТЕЛМА

Почитувани,

Со респект и почит кон Вашата определба да обезбедите точни, навремени и објективни информации за случувањата во земјата водени од највисоките етички и новинарски стандарди изненадени сме од изборот на Ваш соговорник во вчерашниот прилог поврзан со оставките на директорите на ФЗОМ и ставот на ЗПЛРМ по однос на оставките.

Сметаме дека треба да Ви укажеме на погрешниот избор на соговорник затоа што во нашата држава постои пред сите Стоматолошка Комора на Македонија , како најлегитимен претставник на докторите по дентална медицина , како и други релевантни стоматолошки друштва и здруженија кои имаат по стотици членови , од кои најголемиот број соработуваат и имаат договори со ФЗОМ и чии претставници се секако поповикани и порелевантни за објективноста при изработување на новинарски прилози.

Изборот на Д-р Слободан Димовски , таканаречен председател на ЗПДСМ ( здружение кое го нема никаде последниве 5 години во стоматолошките кругови), т.н.председател со многу години истечен мандат и никогаш нереизбран и т.н. председател на здружение без ниту еден активен член за соговорник сметаме дека е погрешен.

Не навлегувајќи во неговиот коментар сметаме дека Др Димовски е тотално некомпетентен за давање било какви изјави поврзани со актуелните настани , ниту пак со било кои настани во иднина кои ги засегаат докторите по дентална медицина и нивните интереси.

Со надеж дека информацијава ќе Ви е од полза за Вашето понатамошно работење Ви стоиме на располагање во иднина за теми од интерес за стоматолозите во Република Македонија.

24.02.2015

Друштво на доктори по дентална медицина на Македонија

председател

Д-р Денковски Маријан